Настава, историја и Акта хисторико-економика.

На крајот, драги другарки и другари, дозволете ми да изразам благодарност на сите членови на сегашниот ИО на Сојузот кои сесрдно се залагаа во исполнувањето на задачите што стоеја пред нив, а посебно на нашиот почесен претседател проф. Љубен Лапе кој секогаш одвојуваше време да учествува и да помогне во работата на ИО.

Го молам Собранието да даде разрешница на досегашниот ИО и да избере нов за раководење со Сојузот во наредните две години.

Благодарам.

27. X. 1974, Дојран

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на ИО на Сојузот на друштвата на историчарите на Македонија
д-р **Петар Стојанов**

## ИЗВЕШТАЈ

**На Редакцијата на списанието „Историја“ — орган на Сојузот на историските друштва на СР Македонија за периодот меѓу X и XI собрание**

Драги другарки и другари, колешки и колеги,

Редакцијата која што ви го поднесува извештајов, во состав: Томо Томоски, редовен професор на Филозофско-историскиот факултет; д-р Миле Тодоровски, виш научен соработник на Институтот за национална историја; д-р Глигор Тодоровски, директор на Институтот за национална историја; Благоја Цветковски, професор на Педагошката академија во Штип и Војо Кушевски, вонреден професор на Филозофско-историскиот факултет (главен и одговорен уредник) — е избрана на последното годишно собрание на Сојузот.

Согласно Статутот на Сојузот, на својата прва седница (на 23 февруари 1972 година), Редакцијата го избра за свој секретар другарот Диме Димески, асистент на Филозофско-историскиот факултет, кој и порано ја вршеше таа должност.

Уште на споменатиот состанок, Редакцијата си постави како главна задача благовремено планирање на броевите за 1973 и 1974 година. Благодарение на опстојното разгледување на насоките во кои треба да се одвива работата на Редакцијата, истата можеше да прибира материјали за да ги комплетира (оформи) наредните броеви на органот на Сојузот.

Разгледувајќи ја својата претстојна работа, Редакцијата заведе цврст став да ја продолжи досегашната ориентација на претходните редакции по однос на физиономијата на списанието, која веќе со години е оформувана и по која впрочем, Списанието е веќе познато во нашата (и не само нашата) јавност, како историографско списание, кое има и акцентирана рубрика за наставата по историја, така неопходна за нашето членство. Може да се рече дека токму широката проблематика што ја третира нашето списание го чини оригинално, привлечно а би рекле и популарно, задоволу-

вајќи го интересот на историчарот — научник, на историчарот — педагог, на младите генерации, како и на секој наш граѓанин, кој има одредено интересирање за историската наука. Од друга страна, нашиот орган е своевидна регистрација (документација) на она што претставува актива на нашиот Сојуз, а и на она што станува и надвор од него на полето на историската наука и настава (ИНИ, Катедрата за историјски науки на Филозофско-историскиот факултет, МАНУ и други научни и образовни институции). „Историја“ го привлече и го привлекува вниманието не само на нашата средина, туку и надвор од нашата земја. Затоа, сметаме дека нашето членство може да биде задоволно во однос на ваквиот профил и ориентацијата на својот орган, и по наше мислење истиот треба и од наредната редакција да се одржи, се разбира, со одредени корективи кои со време се наметнуваат, односно кои ќе се укажат како неопходност.

Редакцијата настојуваше, и една од главните грижи при оформувањето на наредните броеви ѝ беше — да го сочува неопходниот квалитет во сите рубрики и да не допушти да бидат објавени прилози кои ќе го нарушат угледот на нашиот орган. Треба да се признае дека токму по ова прашање се чувствуваат одредени тешкотии, особено при оформувањето на јубилејните броеви, пред сè, на носечките рубрики. Проблемот произлегува и оттаму што Редадакцијата уште на својот прв состанок зазеде став за објавување уникатни прилози, како би се одбегнувала појавата во нашата периодика на печатење веќе објавени трудови, посебно оние на македонски јазик. Од друга страна, посебно во изминаитот период, ангажирањата на соработниците беа значително интензивни и покрај нивните редовни обврски. Последново создаваше мошне деликатни објективни тешкотии во кој се одвиваше работата на Редакцијата во оформувањето на наредните броеви на „Историја“.

Освен одбележаното, Редакцијата одлучи трите броеви да бидат јубилејни, т. е. да ги посвети на 74-годишнината на Илинденското востание, на 30-годишнината од одржувањето на I-то заседание на АСНОМ и на завршните операции за ослободување на нашата земја, со посебен акцент во Македонија и на Сремскиот фронт (XV корпус). И покрај тоа што постоеја расположби, сепак, Редакцијата не успеа да посвети еден од броевите на списанието на 30-годишнината од формирањето на Комунистичката партија на Македонија, главно поради веќе одбележените проблеми.

Сепак, Редакцијата вложи не мали усилби, така што во текот на изминатиот период подготви 3 броја и тоа бр. 1 за 1973 година, потоа бр. 2 за 1973 година (посветен на 75-годишнината од Илинден), и бр. 1 за 1974 година (посветен на 30-годишнината од I-то заседание на АСНОМ). Во тек се подготовките за оформувањето на број 2 за 1974 година, посветен на завршните операции за ослободување на нашата земја и тие се во завршна фаза. За него се очекуваат само одредени договорени прилози — посветени токму на јубилејната тематика.

И покрај задоцнетото излегување од печат на броевите, Редак-

цијата е посебно задоволна од броевите што ги оформи, бидејќи со своите прилози тие го задржуват стандардниот профил, па — според неа — што е и најважно, и квалитетот на списанието.

Причините за ненавременото излегување на списанието се многубројни и секако треба да се вложат крајни напори за надминување на оваа состојба. Меѓутоа, решавањето на ова прашање не зависеше, и во иднина нема да зависи, само од Редакцијата. Потребни се одзиви на сите членови, особено по однос на соработката во списанието со прилози, пред сè во капиталните рубрики и тоа со издржани и значајни теми (во рубриките „Статии" и „Прилози") и материјали — документација (во рубриката „Материјали"). Паѓа во очи, што поодделни членови на Сојузот воопшто не соработуваат во списанието и ако би можеле да се јават со одредени прилози.

Пред наредната редакција што ќе ја избере ова Годишно собрание, останува проблемот за навременото излегување на списанието.

Редакцијата досега не примала (посредно или непосредно) сериозни забелешки по однос на квалитетот или физиономијата на списанието. Постојат можеби оправдани забелешки околу одредувањето на прилозите во рубриката „Статии", односно „Прилози". Секако дека овде има одделни пропусти. Можеби има место констатацијата дека е тешко да се најде граница или критериум за диференцијата за која станува збор. Од овие причини, а и од други, секако претстои пред идниот редакциски состав да го решава ова прашање со евентуално соединување на овие две рубрики во една.

Исто така, Редакцијата ги прими на знаење и му ги соопштува на Собранието и сугестиите по однос на објавување повеќе прилози од наставната проблематика, односно по методиката на наставата по историја. Тоа би имало посебно значење за наставата по историја и за стручното усовршување на наставниот кадар, со што списанието би одговорило уште повеќе на својата намена. На тоа треба секако да се настојува, и да се надеваме дека во догледно време и овие барања ќе бидат стварност во нашата средина. Но, неопходен е поголем одзив на оние колеги кои се занимаваат со оваа проблематика и вложување напори за проширување бројот на соработниците по истата. Сепак, Редакцијата смета дека има многу причини за да бидеме задоволни и од постигнатите резултати со одржувањето на рубриката за настава и методика на наставата по историја во нашето списание.

Во врска со овие прашања, Редакцијата може да му сугерира на Собранието да донесе заклучок за одржување на стручна или компетентна дискусија — анализа — за списанието, дотолку повеќе што таква досега воопшто не била на дневен ред пред Сојузот или пред Управите.

По однос на поранешните и веќе и од оваа Редакција вложени напори за зголемување на претплатата, останува и понатаму задачата истата да се проширува, посебно меѓу членството и училишните установи. Во тоа сè уште не се успеало, и ако според бројот на претплатниците, не сме во

положба да се пожалиме во споредба со другите списанија. Постојат, меѓутоа, колеги кои не фигурираат како претплатници. Исто така, и ако бројот на соработниците кои го растураат списанието не е мал (односно на колеги и колешки кои преку доброволно залагање го шират меѓу средношколската младина), сепак, останува како перманентна задача — пласманот на списанието меѓу одредени училишни центри кои сосема стојат на страна и ако изминаа релативно не малу години откако списанието излегува. Ова го истакнуваме наспроти фактот што за одредени броеви на списанието, посебно оние кои беа посветени на 100-годишнината од раѓањето на Гоце Делчев и 80-годишниот роден ден на другарот Тито, побарувањата беа значително поголеми (па и за последниот број, кој излезе од печат, веќе има дополнителни барања) — така што Редакцијата не беше во состојба да им излезе во пресрет на барањата за дополнителна испорака и мораше да се ориентира на поограничена дистрибуција на списанието на одделни училишни колективи (по 50 броја на училиште, со мали исклучоци за оние кои се со поголем број ученици). И покрај сè поголемите евидентни побарувања, Редакцијата не можеше да го зголеми тиражот (од 3.000 на 3.500 или 4.000 броја, макар што и тоа може да го пласира) со оглед на тоа што тиражот ги поскапува печатарските услуги. Ова секако говори за зголемениот интерес кај нашата средношколска младина кон списанието. Затоа, идната Редакција ќе треба да смета на можноста за зголемување на тиражот, како би излегувале во пресрет на барањата барем кај младите читатели.

Мораме да напоменеме дека постојат отпори — за среќа само кај поединци, наставници — членови на Сојузот, и тоа кај помладите, кога им се нуди да пласираат одреден број примероци (дури 30, па и 20) во својата средина.

Како и секоја, и оваа Редакција се судруваше со одредени финансиски проблеми. Таа, мораше да ја зголеми претплатата онака како што е означена во последниов број од познатите причини, а во прв ред — поради порастот на расходите за во финансиски поглед, спрема висината на дотациите, да се овозможи неопходната материјална база на нашиот орган.

Исто така, поради опаѓањето на реалната вредност на наградите на соработниците, а пред сè поради извршените корективи на вреднувањето на авторските хонорари во другите редакции, оваа Редакција, според својата досегашна практика, на својата седница од 24 мај 1974 година, реши да изврши измени во Правилникот за авторски хонорари и на наградите на административно-техничките услуги од октомври 1971 година, и тоа:

**авторски хонорар за:**

**А. Статии**

| | |
|---|---|
| а) Прилози | на 1.200 динари по авторски табак |
| б) Прилози по методика, односно настава | 1.200 „ „ |
| в) Материјали | 800—900 „ „ |
| г) Осврти | 900 „ „ |
| д) Библиографии | 400—600 „ „ |
| ѓ) Рецензии | — паушално |
| е) Прикази | — „ и по 20 дин. а/т |

**Б. Преводи:**

а) Преводи од странски јазик — по договор
б) „ од југословенските јазици — по договор

**В. Лектура и техничко уредување**

а) јазична лектура — по договор
б) техничка редакција и коректура — по договор

**Г. Редакција:**

| | |
|---|---|
| а) Главен и одговорен уредник | — 2.000 |
| б) член на редакција | — 1.000 |
| в) секретар на редакција | — 1.000 |

**Д. Администрација**

а) администратор — 2.600 динари годишно — нето (10 месеци × 260 дин.), со договор
б) благајник — 1.400 динари годишно — нето (10 месеци × 140 дин.), со договор

Други промени не се предвидуваат, освен решението на Редакцијата авторскиот хонорар за статија или прилог што повторно се објавува на македонски јазик да се намалува за 20%.

Редакцијата напоменува дека може да оди на поголеми ставки, меѓутоа истата се сообразува со висината на наградите кои во скоро време беа усвоени со соодветни историографски списанија, во прв ред на „Гласникот“ на Институтот за национална историја. Значи во случајов, всушност, се работи за изедначување на наградувањата.

Редакцијата го моли Годишното собрание да ги усвои сторените измени (во Правилникот) со тоа, што нивното исплатување би важело ретроактивно — почнувајќи од последниот излезен број на списанието „Историја“ (г. IX, бр. 1 за 1973 година). Напоменуваме, дека исплатата на авторските хо-

норари на Редакцијата, како и на административно-техничките услуги е извршена спрема старите ставки, што секако негативно ќе се одрази на одзивот на соработниците, доколку ова прашање не се реши на Собраниево.

Редакцијата е слободна да му го поднесе на Собранието и прегледот на остварените приходи и извршените расходи за времето од 1. јануари 1972 до 23. октомври 1974 година за списанието „Историја“, и тоа:

| Ред. бр. | Наименование | Износ |
|---|---|---|
| | **I. Приходи** | |
| 1. | Салдо од 1972 година | 118.164,95 |
| 2. | Републ. фонд за помагање на општ. дејн. | 69.000,00 |
| 3. | Камата за средствата по видување | 1.667,00 |
| 4. | Приходи од продадени списанија | 34.518,70 |
| 5. | Републ. конференција на ССРНМ | 58.000,00 |
| 6. | Заедница за научни дејности | 96.000,00 |
| | Вкупно приходи | 377.350,65 |
| | **II. Расходи** | |
| 1. | Канцелариски материјали | 249,20 |
| 2. | ПТТ | 4.079,90 |
| 3. | Печатарски трошоци | 190.206,00 |
| 4. | Патни и дневни | 128,00 |
| 5. | Авторски хонорари | 124.042,85 |
| 6. | Граѓанско правен однос | 31.440,75 |
| 7. | Провизија | 562,35 |
| | Вкупно расходи: | 350.709,05 |

Редакцијата го моли Собранието да го одобри овој извештај.

По однос на финансирањето на списанието подвлекуваме дека не постојат засега сериозни проблеми, што се гледа и од соопштените податоци. Редакцијата известува дека за жиро-сметката на Списанието се очекуваат, до крајот на календарската година, редовни приходи од донаторите, како и од претплатата. Уверени сме дека е ова сведоштво за заинтересираноста на нашите општествени фактори не само морално туку и материјално да го поддржуваат органот на нашето стручно здружение, кој несомнено дава свој придонес на нашата историска наука и на подобрувањето на наставата по историја. И овој пат Редакцијата ја изразува својата благодарност кон донаторите.

Редакцијата смета дека треба да се решаваат определени сè уште нерегулирани прашања, како што е, на пример, приклучувањето на списанието кон определена издавач-

ка куќа, како што е тоа случај и со други списанија.

Имено, од основањето (1964 година) до денес, списанието го нема регулирано прашањето за преземање на печатењето, сместувањето, водењето на административно-манипулативните работи и дистрибуцијата. Покрај главната работа околу уредувањето на списанието и набележаните работи, Редакцијата ги вршеше, односно непосредно се грижеше за администрацијата, дистрибуцијата, складирањето, претплатата итн. Сето тоа за неа претставуваше и претставува голем терет, за разлика од другите редакции на вакви и слични списанија што се прикрепени кон соодветни издавачки куќи.

Покрај реченово, Редакцијата не располага со свои простории, со свој инвентар, така што и резервите на списанието не се безбедни.

Освен тоа, досегашните редакции на списанието „Историја" беа принудени често да ги менуваат лицата што вршеа стручни и услужни работи околу водењето кореспонденција со претплатниците, водењето на картотеката, дистрибуирање на списанието, прибирањето на претплатата, манипулативните финансиски операции и други лица за технички услуги — што се одразуваше и одразува не само врз навременото излегување на списанието, туку и на пласманот, евиденцијата на претплатата, на претплатниците итн. Од друга страна, наградите за овие услуги беа и сè мошне големи, што зазема не мала ставка од вкупните финансиски средства.

Исто така, големи се издатоците за лектурата, преводите, коректурата и техничкото уредување на списанието, пред сè, поради тоа што овие услуги се регулирани со посебни индивидуални договори при што наградите беа разбирливо високи.

Сето ова претставува и сè уште ќе претставува посебна тешкотија во работата на Редакцијата.

За излегување од ваквата положба во која се наоѓа нашето списание — нашиот донатор Републичката заедница за образование, уште во 1972 година презеде иницијатива. Имено, одговорните другари на оваа заедница предложија списанието „Историја" да го печати, дистрибуира, складира, да ги води финансиските манипулации и другите придружни и технички услуги РОЗТ „Просветно дело" од Скопје, со оглед на фактот што оваа издавачка куќа веќе има позитивно искуство со таквиот статус (на патронат) на списанието „Просветно дело" — органот на Педагошкото друштво на СР Македонија. Издавачката куќа, за која станува збор, веќе има определени лица кои ги плаќа за наведените услуги што ги вршат за ова списание.

Во врска со оваа иницијатива одржани се повеќе состаноци со претставниците на издавачката куќа „Просветно дело" и одделни редакции, меѓу кои и нашата, а под покровителство на Републичката заедница за образование.

(Советот на ООЗТ „Просветно дело", врз основа на проученото прашање, уште минатата година пројави жив интерес и е готов да го прифати и нашето списание, за што во истата куќа и годинава постои готовност за оваа иницијатива).

Редакцијата, со оглед на сериозноста на ова прашање, не

можеше сама да одлучи по истото и затоа на својот состанок од 16 октомври 1974 година реши, откако претходно го информира Извршниот одбор на Сојузот, да му предложи на Годишното собрание на нашиот Сојуз да се произнесе по однос на оваа иницијатива за решавање. Напоменуваме дека списанието, во случај на патронатството (така да се изразиме) на „Просветно дело““, и понатаму си го задржува својот статус како и досега, како орган на Сојузот, со своја жиро-сметка, и одлучување по сите прашања сврзани со списанието. Редакцијата ќе биде независна во своите одлучувања, а доколку се покаже дека оваа иницијатива не е во интерес на списанието, Сојузот ќе може да го повлече списанието од претпријатието.

Покрај овој проблем, отворено е сè уште прашањето на правното регулирање на работата на списанието кое не е извршено од постоењето на списанието, што значи дека досега редакцијата работела без одредени правни норми. Се работи за донесување Правилник за работа на списанието. Ова треба да се стори врз основа на законските регулативи за издавачката дејност, пред сè, во согласност со скоро усвоениот нов Закон за јавно информирање, во кој издавачката дејност е поставена врз самоуправни принципи. Редакцијата сугерира ова да се регулира во рок од 3—5 месеци и за исполнување на истото Собранието да ги задолжи ИО и идната Редацција.

Редакцијата и овој пат не пропушта да ја истакне потребата од добивање на своја просторија, инвентар и прибор за работа (а пред сè — машина за пишување), без кој не може да се замисли работата на која и да било редакција.

Драги колеги,

Во догледен термин ќе излезе 20-иот број на нашето списание, односно се наполнуваат десет години откако со огромни напори и залагање на сето наше Здружение успеавме (сите ние) да ја докажеме нашата дораснатост и зрелост по однос на еден така сериозен и одговорен зафат како што е издавање на научен периодичник. Сметаме дека Сојузот на историските друштва на СР Македонија ќе го одбележи овој јубилеј со ова свое докажување, како пред своето членство, така и пред нашата заинтересирана јавност.

Поднесувајќи го овој Извештај, Редакцијата ги моли делегатите да го усвојат и ѝ дадат разрешница, со тоа досегашната Редакција да ги изврши сите работи со издавањето на наредните заостанати броеви за 1974 година, кои се во печат или им претстои печатење.

Дојран, 27. X. 1974 год.

За Редакцијата:
Главен и одговорен уредник,
**Војо Д. Кушевски**